Бизнисот во Македонија и скриената економија

Споредба на резултати од бизнис анкети од 2014 г. и 2016 г.

Инфографик 3 (IG3) од проектот PXEM 2016

Државни приходи како % од БДП



Македонските приходи се 29% од БДП во 2016, Албанските и Косовските се 27% од БДП. Сите приходи се далеку под просекот на ЕУ - 28 кој е 45% од БДП.

8 години без подобрување на размерот на приходите наспроти БДП

15-20% од БДП е износот на потенцијални приходи кои за Македонија остануваат неостварени како поради видот и структурата на економијата која ја поседува така и поради разни дефицити во доброто владеење кои вклучуваат даночна евазија и непријавена економска активност.

Намалување на задоволство на бизнисите со различните даночни стапки во Македонија во 2016 година.

Споредено со 2014 Додека околу 50% од бизнисите во 2014 г. потврдиле дека даночните стапки за соодветните даноци се „високи колку што треба да бидат" - со евидентен исклучок на фирмарината и социјалните придонеси - во 2016 г. задоволството е намалено на ...

30-35%

Фактори на и мерки за скриената економија според бизнисите во Македонија

Најважни фактори за постоењето на скриената економија - според бизнисите



Мерки за намалување на скриената економија - според бизнисите



#1 Корупција

45.7% од Бизнисите сметаат дека корупцијата е најважен фактор кој влијае врз постоењето на скриената економија во Македонија

#2 Висок даночен товар

е втор најважен фактор (42.9% од бизнисите)

#1 Намалување даноци

54.3% од Македонските бизниси во 2016 година сметаат дека намалувањето на даноците е неопходно со цел намалување на скриената економија

#2 Намалување/сузбивање корупција

е втора најважа мерка (48.6% од бизнисите)

Бизнис практики на скриената економија

Колку често компаниите имаат тенденција да не издаваат фискални сметки/фактури во соодветниот сектор на анкетираните бизниси

1 од 5 бизниси секогаш или во повеќето случаи не издаваат фискални сметки/фактури

37% Имаат изјавено дека оваа пракса никогаш не се случува во нивниот сектор во 2014 г. споредено со 10% во 2016 г.

10%

Колку често компаниите во нивниот сектор имаат тенденција да пријавуваат пониски приходи од реалните

1 во 3 бизниси секогаш или во повеќето случаи пријавуваат понизок приход од реалниот.

27.1% имаат изјавено дека оваа практика никогаш не се случува во нивниот сектор во 2014 г. споредено со само 5.7% во 2016 г.

5.7%

Заклучок

„Корупцијата" е најважниот фактор одговорен за постоењето на скриената економија според 45.7% од бизнисите во Македонија, „висок даночен товар" е втор (42.9%) а „стремеж на бизнисмените за брзо богатење" е трет најважен фактор (40%).

Влошувањето на бизнис перцепциите во 2016 г. во врска со корупцијата и политичката нестабилност се сигнал за Владата на Република Македонија дека се потребни чекори кои ќе: а) ја обноват стабилноста, б) менаџираат позитивни бизнис очекувања и в) ја вратат бизнис довербата на ниво на 2014 г.

Во 2014 година околу 50% од бизнисите во Македонија потврдиле дека даночните стапки се „високи колку што треба да бидат" – во 2016 година истите вредности се движат помеѓу 30% и 35% .

Осигурете се дека:

Даночниот товар ќе остане низок или доволно низок за да се одржи стабилно растечка стапка на приходи.

Ќе се развива и одржува стимулативна бизнис средина, ќе се поедностават процедурите за отварање на нови претпријатија како и поедноставување на процедурите за формализација на веќе постоечки бизниси.

И ќе се користат минатите локални искуства во крепањето на јавни политики со цел да се избегне крепање на поттици кои ги туркаат бизнисите и индивидуалците кон даночна евазија, измама, и кон непријавената економија.

Извор: Податоците прикажани погоре и произлезените заклучоци се засновани на 2 методолошки идентични бизнис анкети, репрезентативни регионално и демографски, а спроведени во септември 2014 г. и август/септември 2016 година на примерок од 70 испитаници.

Проектот е финансиран од Балканскиот Фонд за Демократија

B|T|D The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

powered by Piktochart make information beautiful